РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1269/1
13-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-2374/1 од 02.09.2025 година, оформен врз основа на поднесена пријава против ---------, Извршен директор на -------- Скопје, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-2374/1 од 02.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 02.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи против --------, Извршен директор на -------- - Скопје и оформен е предмет број 12-2374/1 од 02.09.2025 година.

Имено, во пријавата се наведува дека од страна на наведениот директор е издадена Согласност за рушење преграден зид, кршење на поставени луксузни мермерни плочи, како и интервенција врз постоечката електрична инсталација во деловен простор бр.--- -----. Исто така, се наведува дека за посочениот деловен објект се водат повеќе судски постапки, меѓу кои и за сопственоста на објектот, а кои е во тек и за кои сеуште не се донесени конечни судски Одлуки.

Заради утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК достави барање до ------- со цел обезбедување на податоци и информации поврзани со наводите во пријавата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени како одговор на Барањето на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

-------- застапувано од Извршниот директор -------, склучил Договор за користење и одржување на заедничките делови и функции на „-------" АД – Скопје, број. 1002-----/1 од --.--.2017 година солемнизиран од страна на нотар -------- од Скопје под ОДУ бр.---/17 од --.--.2017 година, со --------, сопственик на деловниот простор. Согласно овој Договор, во член 1 е регулирано дека корисникот на услугите е сопственик на реален дел на деловен простор бр.---- од --------– Скопје кој се наоѓа во ---, локал бр:----, обележан на Катастарска парцела ----- кат приземје, влез 1, намена на зграда ДП, зграда 8 деловен простор, во површина од 106 м2, според Имотен лист бр.-----, издаден од Агенцијата за катастар на недвижности – Центар – Скопје, за Катастарска општина Центар 1.

Во член 2 е регулирано дека за користење и одржување на заедничките делови и функции на -------- А.Д. Скопје што претставуваат една неделива целина, корисникот е должен месечно да плаќа определен надоместок на жиро сметка на давателот на услугите, согласно Општите услови за продажба на дел од деловниот простор, Правилата за користење и Одлуката за одржување на заедничките делови и функции на --------- А.Д. Скопје бр.-----/8 од 01.02.2005 година и соодветниот Договор за продажба, по добивањето на фактура.

Видно од Имотниот лист број ----- за КО Центар 1, доставен во прилог, сопственик на предметниот деловен простор е --------- од Скопје, на кого и гласи издадената согласност, а имајќи предвид дека сопственоста е уставно загарантирана категорија неможе да се ограничат правата на сопственикот на деловниот простор.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК